Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08, 167/10 и 51/11) и член 25 став 2 и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **контрабас** за I (прво) одделение на тригодишното основно музичко образование.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

# КОНТРАБАС

I ОДДЕЛЕНИЕ

ТРИГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО И БАЛЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, септември 2016

## 1. ВОВЕД

Во тригодишното основно музичко училиште на инструментот контрабас можат да се запишат ученици кои наполниле 10 години.

Целта на наставата по контрабас е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско вреднување и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења во однос на нивната содржина и форма. Наставната програма за контрабас е да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

- **Фонд на часови:** 1 час неделно по 40 минути, 36 часа годишно**.**
- **Статус на предметот:** задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД   I – III одделение

Ученикот/ученичката:
- да се запознае со инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да усвои потребни знаења за мелодиско и ритмичко читање и свирење на нотен текст;
- да научи да свири скали;
- да ги запознае и проширува знаењата за изразните можности на инструментот;
- да се здобие со искуство за свирење на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- да стекне потребни знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- да се оспособува за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива способности за доживување и изразување на музиката;
- да развива интерес кон инструментот и музиката;
- да развива љубов и интерес за изразување и доживување на музичкиот фоклор;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да биде информиран за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство;
- да придонесува за збогатување на емоционалниот живот;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да придонесува за формирање на личност со позитивни лични одлики;
- да придонесува за развивање на музичката меморија;
- да придонесува за прифаќање и доживување на убавото во музиката;
- да стекнува љубов кон класичната музика;
- да ја доживее убавината на музиката;
- да формира навика и потреба за посета на концерти, оперско-балетски претстави и други музички приредби;
- да формира работна култура;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ја развива креативноста;
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да знае да репродуцира нотен текст (ритмички и мелодиски);

- да го развива внатрешниот слух;
- да ја развие музичката меморија и вниманието;
- да стекне самодоверба во изведувањето на музичкиот текст;
- да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да се поттикнува за работа во дует и во поголем состав за заедничко музицирање;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во индивидуалните и во колективните музички активности.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
- да се запознае со инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да се запознае со основните функции на левата и десната рака при свирење;
- да научи да зазема правилно држење на телото при свирењето (стоечки и седечки став при свирење);
- да се запознае со цели, половини, четвртини, осмини ноти;
- да се запознае со основните штрихови-деташе, легато;
- правилно поставување на прстите на левата рака во однос на полустепени и цели степени;
- да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива музичка меморија;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да развива чувство за ритам;
- да стекнува умеење да следи ритам;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: МЕЛОДИКА И ТЕХНИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да ги именува деловите на инструментот контрабас;<br>-да ги именува деловите на гудалото;<br>-да ја користи правилно десната рака при свирење на контрабас;<br>- да го користи правилно палецот при свирењето;<br>-да демонстрира правилно поставување на палецот;<br>-да ја користи раката за премини од жица на жица;<br>- да се приспособува за влечење на гудалото по сите жици во цели ноти, половини и четвртини, осмини; | Запознавање со инструментот - контрабас<br><br>-Технички вежби за ослободување на десната рака<br>- Правилно поставување и држење на десната рака | - Делови на контрабасот:<br>тело,<br>врат,<br>праг,<br>полжав,<br>чивии,<br>ф-отвори,<br>кобилица,<br>горна, странична и долна даска,<br>душица,<br>жици,<br>кордер (жичник)<br>-гудало: дрво, струни, жабица<br><br>- Рамо<br>- Лакт<br>- Китка<br>- Прсти<br>- Палец | - Анализа на деловите на инструментот преку разговор;<br>- запознавање со начинот на користење на десната рака при што ќе му се објасни на ученикот како се држи гудалото, правилно поставување на прстите (од првиот до четвртиот прст, се поставуваат, на телото на гудалото), а палецот се поставува на жабицата на спојот жабица и тело на гудалото. Ова е многу важно за правилно држење на гудалото и произведување на убав тон, а подоцна и изведување на сите штрихови при свирењето со гудалото.<br>- При држењето на гудалото со десната рака, палецот има важна функција за движењето на гудалото, треба да го води гудалото при движењето од жабица кон врв, но и да има слободно движење на самиот зглоб од палецот, како и останатите прсти од десната рака |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја користи правилно поставената лева рака;<br>- да применува поставување на прстите на жиците при што нема да стиска со прстите, особено палецот;<br>- да се приспособува за лесно движење на прстите;<br>- да користи вежби за секој прст одделно;<br>-да демнострира свирење на скали во една октава во цели, половини четвртини и во осмини; | -Технички вежби за ослободување на левата рака<br>- Правилно поставување и држење на левата рака | - Прсти<br>- Артуклација<br><br>- Скала | кои го држат гудалото (посебно: палецот, првиот и четвртиот прст. (вториот и тртиот прст ја додаваат тежината на гудалото која е важна за квалитетот на тонот).<br>Сите методи наставникот ги демонстрира пред ученикот, постапно го поставува секој дел од рацете, со разговор, објаснување и покажување на повеќе начини за подобро прифаќање и добро поставување на ученикот, како еден од многу важните моменти за успешно поставување на држењето на рацете.<br><br>- Воочување на разликите меѓу звук и тон преку демонстрација на разновидни примери (звуците од природата и околината и музичките тонови – пеење, звучење на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да дискутира за музичката писменост;<br>- да развива музички слух;<br>- да применува елементи на правилна интерпретација при свирење песни и вежби;<br>- да развива способност за мемориране на мелодија и нотен текст на зададена композиција;<br>- да ги доживува и сфаќа содржината и карактерот на композицијата;<br>- да ја запознае и доживува динамиката и разликите во динамиката при слушањето и интерпретирањето на копозициите (тивко-гласно; форте-пијано);<br><br>- да ја доживува брзината и разликите во брзината на музичкото темпо при слушање и интерпретирање на музиката;<br>- да доживува високи и ниски тонови и мелодиско | - Музичка писменост (звук, тон, имињата на тоновите (до, ре, ми, фа, сол, ла, си, до), петтолиние, бас клуч, нота,<br>скала<br><br>свирење и слушање композиции со примена на динамичко нијансирање:<br>тивко-пијано(п)<br>силно-форте (ф) | - Звук<br>- Тон<br>- Имињата на тоновите (до, ре, ми, фа, сол, ла, си, до)<br>- Петтолиние<br>- Бас клуч<br>- Нота<br><br>- Гласно<br>- Тивко<br>- Погласно<br>- Потивко<br><br>- Брзо<br>- Бавно<br>- Побрзо<br>- Побавно | инструменти и музички фрагменти).<br><br>- Доживување и воочување на јачината и брзината во музиката преку слушање музика, пеење и свирење.<br>- Доживување и воочување на видовите и нијансите на јачината и брзината преку слушање музика, пеење и свирење.<br><br>- Пеење на матертијалот со текст и со именување на тоновите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| движење нагоре - надолу;<br>- да развива способност за прецизно интонирање на тоновите од основната скала;<br>- да го разбере поимот скала;<br>- да се воведе во нотното писмо и свирење по ноти;<br><br>- да стекнува внатрешен музички слух;<br>- да развива чувство за заедничко свирење и свирење во групи;<br>-да објаснува за знаци за повторување. | - Свирење и слушање композиции во различни темпа<br><br>- Пеење на зададениот материјал по слух со имињата на тоновите<br><br>- Откривање на музичките симболи (петолиние, бас клуч, нота, пауза)<br>- Откривање на секоја нота од основната скала во бас клуч<br>- Висина на тонот<br>- Пеење и свирење по слух елементарни мелодиски модели со именување на тоновите<br>- Свирење на композиции во групи<br><br>- Знак за повторување (поим и визуелен симбол) | - Високи тонови<br>- Ниски тонови<br>- Нагоре<br>- Надолу<br><br>- Свирење во групи<br><br>- Знак за повторување | - Пеење и свирење по слух мелодиски модели - солфежирање на елементарни мелодиски модели (појаснување на нотниот текст, читање парлато, солфежирање; со акцент на правилно тактирање).<br>- Совладување на знакот за повторување преку свирење на зададена композиција. |

| Тема: РИТМИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да развива чувство за ритам;<br>- да се приспособува да применува рамномерна пулсација;<br>- да покажува правилно броење и тактирање;<br>- да развива чувство за дводелност и триделност;<br>- да разликува дводелен и троделен метар;<br><br>- да разликува различно траење на тоновите во музиката;<br>- да ги препознава нотните вредности и вредностите на паузите;<br>- да ги користи нотните вредности и вредностите на паузите; | - Рамномерна пулсација<br>- Дводелност (броење еден-два) и триделност (броење еден-два-три)<br><br>- Траење на тоновите<br><br>- Нотни вредности:<br>цела нота<br>половина нота<br>четвртина нота<br>осмина нота<br><br>цела пауза<br>половина пауза<br>четвртина пауза | - Пулсација<br><br>- Цела нота<br>- Половина нота<br>- Четвртина нота<br>- Осмина нота<br><br>- Цела пауза<br>- Половина пауза<br>- Четвртина пауза<br>- Осмина пауза | - Свирење на цели, половини и четвртини ноти и истовремено броење на глас.<br><br>- Свирење на вежби со комбинации од различни нотни вредности, при што се внимава на правилна распределба на гудалото.<br><br>- Свирење на пократки нотни вредности (четвртини, осмини, а по можност и шеснаестини на различни делови од гудалото).<br><br>- Совладување на нотните вредности и паузи преку слики и апликации.<br><br>- Воочување на тактот врз основа на зададениот материјал за 2-делност и 3-делност.<br>- Читање на зададениот материјал со тактирање. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да го препознава тактот во нотниот текст;<br><br>- да се приспособува за ритмичко читање на нотниот текст;<br>- да развива способност за прецизно изведување на ритамот. | осмина пауза<br><br>- Такт (2/4, 3/4 и 4/4)<br><br><br>- Ритмичко читање на нотен текст (парлато) | - Такт (2/4, 3/4 и 4/4 )<br><br><br>- Парлато | - Свирење на елементарни ритмички модели (запишани на една линија) на инструментот – ритмички. Пред да се отсвири, моделот може да се изговори парлато на неутрален слог ,,та” со тактирање. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Часот по контрабас треба да вклучува различни видови музички активности. Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца од типот на ,,Детски албуми”, музика од други стилови и жанрови) и снимена за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, мелодиски модели).

Особено се препорачуваат музичко-ритмичките движења за доживување на римичките карактеристики на музиката.

Учениците треба да навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање, со тактирање при свирењето.

Учениците од прво одделение треба да ги совладуваат ритмичките елементи преку игри.

За посликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува фономимијата.

Како и посетата на концертите, редовно низ целата учебна година треба да се одвива и слушањето на разновидна музика на часовите.

**Наставни средства:**

- учебници по избор на наставникот (одобрени од Министерството за образование и наука);
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- музички инструмент – контрабас;
- дидактички средства и материјали;
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичкото изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување).

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се организира јавен час, отворен за родителите и другите наставници на кој учениците би имале можност да ги претстават активностите застапени во текот на учебната година и своите постигнувања.

Се препорачуваат учебници одобрени од Министерството за образование и наука.

Оценувањето е описно со краток опис, бројчано од 1 до 5.

На крајот на учебната година ученикот полага испит со следната испитна програма:

- скала Ф-дур или Б-dur во една октава;

- една од две кратки композиции по избор на наставникот и соодветна на ученикот (по можност со пијано придружба).

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на нормативот донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност – отсек контрабас.

## 9. ПОЧЕТОК Н А ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **1.9.2016 година**

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **контрабас** за I (прво) одделение на тригодишното основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди министерот за образование и наука

**МИНИСТЕР**

**Арх. бр. 12-15455/1**
**10.11.2016 год.**

____________________________

**Pishtar Lutfiu**

Изготвил: работна група, координатор д-р Анкица Витанова, раководител на одделение
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор